**ТД МАКОШПЕД АД**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 20 од Статутот на ТД МАКОШПЕД АД Скопје и член 383 ст.1 т.2 и чл.384 ст.2 т.1 од Законот за трговски друштва, годишното собрание на акционери на својата седница одржана на ден 20.05.2021 година, ја донесе следната :

# О Д Л У К А

***за усвојување на Годишната сметка, ревидирани финансиски извештаи и годишниот извештај за работа на Друштвото за деловната 2020 година***

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВААТ** годишната сметка, ревидирани финансиски извештаи од овластен ревизор со мислење и годишниот извештај за работа на Друштвото за деловната 2020 година.

Годишната сметка, консолидирани ревидирани финансиски извештаи од овластен ревизор со мислење и годишниот извештај за работа на Друштвото за 2020 година се составен дел на оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

***О б р а з л о ж е н и е :***

*Годишното собрание на акционери на ТД МАКОШПЕД АД - Скопје на својата седница одржана на 20.05.2021 година, согласно одредбите од статутот на друштото и законот за трговски друштва, како и другите позитивни законски прописи, ги разгледа и усвои годишната сметка, ревидирани финансиски извештаи и годишниот извештај за работа на друштвото за период од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година и донесе одлука како во диспозитивот на оваа одлука.*

**ГОДИШНО**
**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
***Претседавач,***

**Број 02-141**
**20.05.2021 година**

Трговско друштво за меѓународна шпедиција, складишта, надворешнотрговско работење, производство и промет
МАКОШПЕД
АД-СКОПЈЕ